# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка**<br>**Издавач : Општина Крива Паланка**<br>**Излегува по потреба** | **Број 2**<br><br>**07.02.2024** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 14 став 1 точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023 и 14/2023), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.02.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за доделување на финансиски средства за финансиска поддршка на спортистите-репрезентативците Вукашин Јовановиќ и Адријан Симоновски**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Крива Паланка, доделува 130.000,00 денари на име „Финансиска поддршка за спортистите - репрезентативците Вукашин Јовановиќ и Адријан Симоновски за учество на Европското првенство во карате за кадети, јуниори и сениоори кое ќе се одржи во Тбилиси Грузија од 09-11ти февруари 2024 година**.**

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година согласно Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка бр.09-5981/13од 25.12.2023 година – Програма АО - Совет расходно конто 412 постојани резерви и истите ќе бидат уплатени на име на Карате федерација на Макрдонија Карате клуб Шампион Крива Паланка со жиро сметка бр. 320100005009663 при депонент ЦКБ Банка АД Скопје ДБ 4015003104410 со цел на дознака име „Финансиска поддршка за репрезентативците Вукашин Јовановиќ и Адријан Симоновски за учество на Европското првенство во карате за кадети, јуниори и сениоори кое ќе се одржи во Тбилиси Грузија.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-511/3**
**06.02.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на финансиски средствaза финансиска подршка на спортистите-репрезентативците**
**Вукашин Јовановиќ и Адријан Симоновски**

1.Се објавува Одлука за доделување на финансиски средствaза финансиска подршка на спортистите-репрезентативците Вукашин Јовановиќ и Адријан Симоновски,што Советот ја донесе на 36-та седница, одржана на ден 06.02.2024 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –511/4**
**07.02.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002“), член 34 и 35 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.28/03, 62/0608/09,175/11,101/2013) и член 14 став (1) точка 30 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023 и 14/2023), Советот на Општина Крива Паланка на 36-та седницата одржана на ден 06.02.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**За усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средтвата со состојба на ден 31.12.2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува во целост Извештајот на извршен попис на средствата со состојба на ден 31.12.2023 година број 09-515/1од 31.01.2024 година.

**Член 2**

Извештајот од Пописната комисија за извршениот попис на основни средства, ситен инвентар, побарувања, обврски и благајна со состојба на ден 31.12.2023 година, оригиналните пописни листи и пропратните документи за вршење попис за 2023 година заедно со оваа Одлука да се достават до Одделението за финансиски прашања при Општина Крива Паланка.

**Член 3**

Одделението за финансиски прашања се задолжува да ги спроведе потребните сметководствени работи во согласност со Извештајот на пописната комисија за извршениот попис со состојба на ден 31.12.2023 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објавуви во “Службен гласник” на Општина Крива Паланка.

**Број 09-511/5**
**06.02.2024 г.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен попис на средства со состојба на ден 31.12.2023 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен попис на средства со состојба на ден 31.12.2023 година,што Советот ја донесе на 36-та седница, одржана на ден 06.02.2024 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –511/6**
**07.02.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 и член 11 став (5) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 5/02) и член 14 став (1) точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023 и 14/2023), а во врска со член 18 и 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и Службен весник на Република Северна Македонија” бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22), Советот на Општина Крива Паланка на Седница одржана на ден 06.02.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за задолжување на Општина Крива Паланка и обезбедување со меници**

1. Се дава согласност за задолжување на Општина Крива Паланка врз основа на **Договор за одобрување на долгорочен кредит на износ од ДЕН.67.000.000,00 со рок на отплата од 10 години со вклучени 2 години грејс-период** и **Договор за одобрување на долгорочен кредит на износ од ДЕН.40.000.000,00 со рок на отплата од 10 години со вклучени 2 години грејс-период** кои ќе се склучат помеѓу Комерцијална Банка АД Скопје како доверител и Општина Крива Паланка како должник – корисник, со намена за финансирање на: *Проект „Финансирање на преземени обврски и обврски по основ на земени позајмици“(финансирање на обврска за ЈПП за јавно осветлување, обврска за враќање на земениот заем од Светска Банка преку Министерството за финансии во 2013 година и финансирање на превземени обврски кои произлегуваат како учество на општината во инвестициони проекти врз основа на договори за изградба на капитални/инфраструктурни објекти)* и *Проект „Изградба и поставување на две монтажни катни гаражи за решавање на проблемот со простор за паркирање во централното градско подрачје во Крива Паланка“*.

2. Се дава согласност заради обезбедување на побарувањето на Комерцијална Банка АД Скопје врз основа на **Договор за одобрување на долгорочен кредит на износ од ДЕН.67.000.000,00 со рок на отплата од 10 години со вклучени 2 години грејс-период**, Општина Крива Паланка да издаде **3 (три) бланко сопствени акцептирани меници со менична изјава–согласност Банката да ја пополни и употреби за наплата без протест, уредени со Нотарски акт и клаузула за извршност – акцептирани и трасирани од Општина Крива Паланка- Корисник на кредит.**

3. Се дава согласност заради обезбедување на побарувањето на Комерцијална Банка АД Скопје врз основа на **Договор за одобрување на долгорочен кредит на износ од ДЕН.40.000.000,00 со рок на отплата од 10 години со вклучени 2 години грејс-период**, Општина Крива Паланка да издаде **3 (три) бланко сопствени акцептирани меници со**

**менична изјава–согласност Банката да ја пополни и употреби за наплата без протест, уредени со Нотарски акт и клаузула за извршност – акцептирани и трасирани од Општина Крива Паланка- Корисник на кредит.**

4. Се овластува, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, да ги склучи и потпише **Договор за одобрување на долгорочен кредит на износ од ДЕН.67.000.000,00 со рок на отплата од 10 години со вклучени 2 години грејс-период** и **Договор за одобрување на долгорочен кредит на износ од ДЕН.40.000.000,00 со рок на отплата од 10 години со вклучени 2 години грејс-период**, да ги потпише меничните бланкети и Нотарските акти за меници со својство на извршност акцептирани и трасирани од Општина Крива Паланка-Корисник на кредитот кој гарантира со целокупниот недвижен и подвижен имот и со сите средства на сметките, како и сета останата документација потребна за предметната правна работа за пред надлежен нотар и пред Банката.

5. Со донесување на оваа одлука се потврдува дека се исполнети условите за полноважно донесување на одлуки согласно важечките акти на Општина Крива Паланка и законските одредби, се потврдува дека дополнителни согласности од други органи и лица, освен **Согласноста од Министерството за финансии бр.16-618/2 од 24.01.2024 година** и **Одлуката од Влада на РСМ** не се потребни, односно нема правни или било какви други пречки за реализирање на конкретната правна работа одобрена согласно оваа Одлука.

Советот на Општина Крива Паланка потврдува дека во Согласноста од Министерството за финансии бр.16-618/2 од 24.01.2024 година на страна 3 пасус 2 е направена техничка грешка при што наместо „Општина Ново Село“ треба да стои „Општина Крива Паланка.“

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а произведува правно дејство со денот на донесувањето на Одлуката од Влада на РСМ.

**Бр.09-511/7**
**06.02.2024 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за задолжување на Општина Крива Паланка и обезбедување со меница**

1.Се објавува Одлука за задолжување на Општина Крива Паланка и обезбедување со меница,што Советот ја донесе на 36-та седница, одржана на ден 06.02.2024 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –511/8**
**07.02.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

**Ред.бр** **страна**

1. Одлука за доделување на финансиски средства за финансиска поддршка на спортистите-репрезентативците Вукашин Јовановиќ и Адријан Симоновски.....................1

2. Заклучок за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства за финансиска поддршка на спортистите-репрезентативците Вукашин Јовановиќ и Адријан Симоновски...........................................................................................................2

3. Одлука за усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средтвата со состојба на ден 31.12.2023 година................................3

4. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средтвата со состојба на ден 31.12.2023 година.4

5.Одлука за задолжување на Општина Крива Паланка и обезбедување со меници ................5

6.Заклучок за објавување на Одлука за задолжување на Општина Крива Паланка и обезбедување со меници.........................................................................................................7